# ОСИГУРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ПРИОРИТЕТ ЗА ПОБРЗО ЧЛЕНСТВО ВО НАТО

*Андреј*
**ЛЕПАВЦОВ,**

претседател на Младинскиот
евроатлантски форум

# Осигурување на безбедноста на РМ - приоритет за побрза интеграција во НАТО

Последните безбедносни нарушувања во Р.Македонија, како и реакцијата на меѓународната заедница поттикнува самостојно и одлучно решавање на безбедносните проблеми ,во смисла на елиминација на парамилитарно -криминалните групи во одредени региони во Македонија, што соодветствува со престанокот на воената мисија на ЕУФОР,"Конкордија".

Тоа е добар знак државните структури јасно да ги согледаат факторите кои треба да бидат исполнети за влез во НАТО и ЕУ,од кои најприоритетно е забрзувањето на реформите за изградување на **правна држава** бидејќи од тоа зависи економскиот развој, политичката стабилност и развојот на демократијата.

За остварување на оваа цел е потребна помош, т.е. заеднички ангажман на Владата, политичките партии и другите државни институции, невладините организации со своите агенди во прилог на членството на РМ во НАТО, како прва и најважна етапа во обезбедување на стабилност на државата и изградување на нејзиниот авторитет.

Влегувањето во НАТО не сее да се набљудува само од воен аспект кој гарантира сигурност на државата од потенцијалниот надворешен непријател,туку и како фактор за развој на слабата економија со зголемување на странските инвестиции, правичноста во распределбата на националното богатство водено од способни менаџери,што претставува најважен фактор за влез во ЕУ. Впрочем,влезот во НАТО ќе ја забрза и интеграцијата на РМ во ЕУ,што како по некое непишано правило се случи во речиси сите источноевропски земји кои аплицираа за влез во ЕУ.

Овие зборови се една посебна интерпретација на она што членките на Алијансата и ЕУ, веќе долги години од осамостојувањето наваму ни го советуваа, а објективно бавно беше имплементирано од политичките структури од тој период,со бројни субјективни слабости во новиот систем што РМ го градеше.Овие слабости беа

посебно изразени во безбедносно-разузнавачкиот сектор и во неопремувањето на АРМ,потпомогнати и од неодлучноста на поранешниот претседател Глигоров.

Објективно условените фактори за така бавниот развој беа несреќните случувања по распадот на СФРЈ,а кои и конкретно се одразија врз РМ,како што беа сепаратизмот на албанската заедница,изразен со сонот за Голема Албанија или Илирида, бојкотот на Пописотод 1994, бојкотот на донесувањето на Уставот ,на Референдумот,негативната претстава на РМ пред меѓународната заедница за улогата на РМ во бегалската криза, поддржуваната нестабилност во З.Македонија, воената криза во 2001,и сегашните не баш чисто бандитски пројави под веењето на туѓо знаме.

Како надворешни фактори, во негативна конотација, беше политичката и економската блокада на Р.Грција поради непризнавањето на името на нашата држава,плановите за поделба на РМ на Милошевиќ и постојаното исчекување и неизјаснувањето на Албанија.

Сето тоа негативно се одрази врз РМ,а беше поддржано од одреден домашен медиумски неразбирлив непатриотизам и дезориентираност,и ја дополнуваше перманентната лоша слика за РМ.

Но меѓународната заедница успеа да наложи едно сценарио за отворање на еден добар политички хоризонт, прво преку примањето на РМ во ОН,макар и под смешното име,потоа со ред политички декларации за гаранции во однос на границите, целокупноста, суверенитетот и легимитетот на РМ, Договорот за асоцијација и стабилизација на РМ во ЕУ, и како краен стабилизирачки фактор ,воено и политички, беше Охридскиот договор.

Фактички ,тој договор претставува основна цел на НАТО и ЕУ,за поддршка и стабилизирање на РМ која се базира на следните поважни елементи:

Смирување на албанската етничка заедница во РМ преку остварувањето на природните граѓански и етнички права и учество во донесувањето на политички одлуки во Парламентот, учество во Владата на РМ, учество во државната и локалната управа, учество во воено-полицискиот комплекс, односно сето тоа со стимулирање на политичкиот дијалог со помош на меѓународната заедница и големо трпение од страна на македонските политички субјекти.

Рамковниот договор претставува договор за мирно живеење и просперитет на оваа сиромашна и измачена земја.Тој воедно дава основни напаствија за тоа што треба брзо да биде реализирано во правниот инструментариум, а и претставува политичка ,економска и правна основа за влегување на РМ во НАТО и ЕУ.

Досегашните пораки на меѓународната заедница и водачите на најмоќните држави, меѓународните институции и банки се јасни и добронамерни. Оттука треба да се премине од вербални желби кон оперативни дејствија за оживотворување на бројните обврски за да можат граѓаните и институциите,што побрзо да ги користат бенефициииите од влегувањето во НАТО и ЕУ.

Македонија веќе подолго време енна својот пат кон НАТО и ЕУ.Но резултатите не се сразмерни со времето поминато на тој пат .Доколку политичките структури на власт во изминатите 10 години,без предрасуди и без декларативни желби за

интеграција,и без разлика на сите случувања, ја сфатеа важноста на евроатлантските интеграции и ја утврдеа нивната динамика,денес Р.Македонија веќе ќе беше дел од колективниот безбедносен систем на НАТО,а и придружна членка на ЕУ .

Неодамнешното потпишување на Јадранската повелба, нејзиниот регионален пристап и стратешкото партнерство со САД и даваат реални шанси на Р.Македонија во 2006 година да стане членка на НАТО. На ова треба да му претходи успешно завршување на преструктуирањето на АРМ и создавање солиден степен на политичко -правна сигурност за побрза политичка одлука на НАТО членките за членство на РМ во НАТО,а сето ова во реални и релативно блиски временски рокови.

Сепак,како приоритет во овој момент,преовладува обезбедувањето на сигурноста и безбедноста на целата територија на РМ и завршување на превентивно-безбедносната мисија "Конкордија" .Логично е НАТО да не може да прифати земја во своето членство во која има валидна воена мисија,бидејќи НАТО сака Македонија во своето семејство да придонесе за колективната безбедност,а не да биде "корисник на услугите на НАТО".Со тоа ќе прекинат и сите тврдења дека Македонија е на патот да стане протекторат на меѓународната заедница ,т.е. држава која однадвор се брани од внатрешниот непријател.

Обидите за одржување на континуирана нестабилност во РМ и поблискиот регион,со постојана тензија и можност за меѓуетнички судир,и тоа во одредени моменти кога РМ треба да се докаже пред меѓународната заедница како држава која сериозно се подготвува да се придружи на евроатлантската заедница како што е следниот самит на НАТО во Истанбул,треба да бидат неутрализирани по секоја цена и што е можно поскоро,заедно со оние кои Македонија сакаат да ја држат во безбедносен вакум,се до решавањето на статусот на протекторатот Косово.

Разрешувањето на оваа ситуација ,ќе биде почетокот на вистинскиот и брз чекор на РМ кон членството во НАТО и треба да биде јака мотивација за целосна позитивна промена на односот на политичарите ,граѓанското општество и самите граѓани на РМ,без разлика на етничката и партиската припадност, кон ова исклучително важно прашање .

2006 година е речиси пред прагот.

*Лазар*
**ЕЛЕНОВСКИ,**

генерален секретар на
Евроатлантскиот
клуб на Македонија

# Безбедноста како динамична, комплексна и мултидимензионална категорија

Новите светски процеси како никогаш досега во историјата драстично го изменија светот. Глобализацијата и новите технологии суштински ја изменија реалноста на светот и воспоставија нови вредности и стандарди. Во тоа ново окружување сите области од живеењето претрпеа значајни трансформации.

Безбедноста денес е сосема различна категорија од тоа што претставуваше во минатото. Таа воопшто не треба да се поима според старата традиционална матрица која, кажано пластично, значеше многу војска, бункери и тенкови на границите. И другите термини кои природно се врзани за безбедноста претрпеа промени.Така денес традиционално најголемата опасност или закана за безбедноста - војната, и тоа во нејзиниот класичен облик, повеќе не постои, а и самиот повеќевековен начин на војување е радикално променет. На нивно место дојдоа новите т.н. асиметрични закани поточно глобалниот тероризам и оружјата за масовно уништување. Тероризмот во минатото важеше за еуфемизам на војната меѓутоа денес со новите технологии кои го прават истовремено невидлив, многу поефикасен и подеструктивен и подигнувајќи го неговото значење го направија примарна закана за човештвото. Нападите од 11 септември 2001 покажаа дека ниту најмоќната суперсила САД не остана настрана од новата закана.Тој удар конечно требаше да го разбуди и целиот демократски свет од новата закана и да ги престрои неговите приоритети.

Затоа кога денес зборуваме за безбедност треба да имаме предвид дека зборуваме за динамична, комплексна и мултидимензионална категорија која ја има во скоро секоја област од нашето живеење.

Република Македонија како постконфликтно општество во транзиција својата димензија на безбедноста треба да ја гради на повеќе комплементарни полиња, но генерално во две сфери: на домашно и на меѓународно ниво.

На внатрешен план безбедноста ја сочинуваат неколку аспекти:

- економскиот аспект на безбедноста подразбира економска и социјална стабилност на граѓаните, градење на пазарот и неговите институции, создавање на поволен економски амбиент во државата заради стимулирање на развојот;нивото на странските инвестиции е исто така показател за стабилноста и безбедноста.

Инаку досега прокламираниот концепт дека треба да има стабилност за да има развој во денешни услови станува конзервативен.Стабилноста и развојот се, исто така две поврзани категории. Тие се условени една од друга, зависат меѓусебно и нивниот однос и третман во иднина не треба да биде статичен како досега туку динамичен, во насока дека и забрзаниот развој всушност произведува дополнителна стабилност за државата.

-политичкиот (демократски) аспект на безбедноста подразбира градење на демократските институции, функционирањето на правната држава, ефикасна администрација и судство како и градењето на цивилното општество и човековите права.

-воениот аспект на безбедноста подразбира прилагодување на реалните потреби од реалните закани на одбранбените сили на државата, зајакнување на механизмот на цивилна контрола над армијата итн.

Сите овие аспекти заедно ја даваат целосната слика за стабилноста и безбедноста на државата однатре. За да се постигнат овие стандарди кои истовремено се и услов за нашето приклучување кон евроатлантските интеграции, клучен процес  за Македонија е процесот на реформите. Од успешноста на менаџирањето на реформите зависи и постигнувањето на целите кои се комплементарни: безбедноста и стабилноста на државата и интеграцијата во НАТО, а потоа и ЕУ. Значи Македонија, како пазарно развиено стопанство, правна држава со висок степен на почитување на човековите права, демократско,социјално и цивилно општество, ќе стане држава која ќе биде контрибутор наместо корисник на безбедноста во земјата и регионот.

На меѓународен план Македонија ја гради својата индивидуална безбедност од аспект на пошироката колективна и глобална безбедност.Станувајќи дел од воените мисии во Авганистан и Ирак покажавме дека сме дел од големата коалиција на демократските држави кои веруваат во заедничките вредности на демократијата. Нашите момци кои се во опасна мисија во Ирак докажуваат со голема умешност и храброст како се брани денес интересот на сопствената држава.

На крајот, би го подвлекол значењето на регионалната соработка и од тој аспект регионалната безбедност. Живеењето во ист регион претпоставува живеење со слични предизвици и опасности. Во таа насока треба да се надминат одредени стереотипи од минатото и заеднички со соседите да ја поставиме основата за нашата регионална безбедност, иднина и просперитет. Јадранската повелба која ја

потпишавме со Албанија и Хрватска под покровителство на САД е значаен чекор во таа насока и воедно претставува сигнал дека демократскиот свет смета на нас и е волен да ни помогне во нашето интегрирање во него.

На тој начин ние ќе ја потврдиме нашата цивилизациска припадност во семејството во кое припаѓаме и ќе ги споделиме стандардите и вредностите на живеењето.

д-р Стојан
**СЛАВЕСКИ,**

директор на Националниот
безбедносен авторитет
на Република Македонија
во НАТО контекст

# Безбедноста на информациите - услов за членство на Република Македонија во НАТО

Заштитата и безбедноста на информациите е прашање од големо значење за идното членство на Република Македонија во НАТО. Во Акциониот план за членство (Membership Action Plan - MAP), усвоен на Самитот на НАТО во Вашингтон во 1999 година, едно од петте поглавја е посветено на безбедноста на информациите. Оттука, Република Македонија во своите Годишни национални програми за членство во НАТО, досега има изготвено четири и во тек е изготвувањето на петтата, особено внимание му посветува на ова прашање. Иако, мора да забележиме дека најголем напредок беше постигнат минатата година кога, со одлука на Владата на РМ, беше формиран Националниот безбедносен авторитет на Република Македонија во НАТО контекст (НБА). Во оваа насока, останувaат уште неколку важни задачи кои треба да се исполнат пред целосно да се исполни поставената партнерска цел, односно да се задоволат стандардите на Алијансата во оваа област. Треба да се истакне дека овие задачи не се во спротивност со националните активности во доменот на информациската и комуникациската безбедност. Тие се однесуваат, пред сè, на следното: целосно профилирање и димензионирање на институцијата Национален безбедносен авторитет; проширување на мрежата на регистри во државните органи и институции кои примаат НАТО класифицирани информации; идентификување на местата во администрацијата за кои е потребен НАТО безбедносен сертификат согласно принципот “потребно е да знае”; развивање на комуникациска структура која ќе ги исполнува стандардите на НАТО во доменот на комуникациските и информациони системи и информатичката безбедност и донесувањето на Закон за класифицирани (доверливи) информации со придружни подзаконски акти.

## Национален безбедносен авторитет

Безбедносната спогодба склучена помеѓу Република Македонија и НАТО од 17.01.1996 година, која стапи во сила на 19.01.1996 година, во членот 4 ја утврди обврската на Владата на РМ да ја извести Канцеларијата за безбедност на НАТО дека е формиран безбедносен авторитет, кој на национално ниво ќе биде одговорен за заштитата и безбедноста на информациите разменети помеѓу РМ и НАТО. На почетокот оваа работа ја извршуваше Службата за реципрочна безбедност при Министерството за одбрана (МО). Меѓутоа, оваа чуствителна материја треба да се третира на национално ниво.

Владата на РМ направи чекор напред кон целосното спроведување на преземената обврска од членот 4 од наведената безбедносна спогодба, донесувајќи одлука на 19.03.2002 година за основање на Националниот безбедносен авторитет на РМ во НАТО контекст како стручна служба на Владата за остварување на правата, обврските и овластувањата коишто произлегуваат од закони и договори склучени помеѓу РМ и НАТО, сврзани со класифицирани НАТО информации и документација.

Реципрочната размена на НАТО класифицираните информации мора да биде заштитена и обезбедена на највисоко ниво. Имено, за разлика од претходно формираната Служба за реципрочна безбедност во состав на МО, која беше задолжена за безбедноста и заштитата само за информациите реципрочно разменувани со министерствата за одбрана, за надворешни и за внатрешни работи и која му беше директно одговорна на министерот за одбрана, Националниот безбедносен авторитет има далеку пошироки обврски и ингеренции. Обврска на НБА е да осигура безбедна реципрочна размена според НАТО стандарди на сите класифицирани НАТО информации кои доаѓаат до или се испраќаат од сите државни органи, вклучувајќи ниввен прием, евидентирање, дистрибуција, испраќање и чување.

За својата работа Националниот безбедносен авторитет непосредно ѝ одговара на Владата на РМ, односно директорот на оваа институција му одговара на претседателот на Владата на РМ. Покрај тоа, работа на НБА ја оценува и Канцеларијата за безбедност на НАТО во Брисел, преку извештаите на своите инспекции за остварените резултати во исполнувањето на усвоената партнерска цел за постигнување на стандардите на НАТО на полето на размената на класифицирани информации.

Организацијата и работата на НБА е детерминирана од нивото на одговорност кое тој го има за примена на НАТО стандардите од доменот на безбедноста на информациите, безбедноста на персоналот, физичката безбедност, информатичката безбедност и индустриската безбедност.

### *Безбедност на информациите*

За воспоставување на системот за безбедност на класифицираните НАТО информации и документација што се разменуваат помеѓу РМ и НАТО, беше потребно да се формираат организациски единици, Централен регистер во НБА и подрегистри во состав на министерствата и другите државни органи, организации и институции во

кои се врши прием, дистрибуција, испраќање или чување на тие информации и документација.

Веќе е формиран Централниот регистар и значителен број подрегистри во другите државни органи. Оваа мрежа на подрегистри треба да се прошири во текот на идната година и да ги покрие сите државни органи и институции во кои ќе се врши континуирана размена на класифицирани информации со НАТО.

***Безбедност на персоналот***

Во согласност со безбедносната политика на НАТО зацртана во документот Ц-М(2002)49 и Ц-М(2002)50 и неговите придружни директиви, пристап до класифицираните информации им е дозволен само на лицата кои ќе добијат безбедносен сертификат согласно принципот "потребно е да знае". Овој принцип подразбира дека службената положба на лицето не значи по автоматизам и пристап до информациите (освен претседателот на државата, премиерот и претседателот на Собранието), туку, дека лицата имаат пристап само до информациите кои им се потребни за извршување на нивните службени должности или доделени задачи.

Националниот безбедносен авторитет континуирано спроведува безбедносна проверка за сите лица во државната администрација кои имаат контакт или работат со НАТО класифицирани информации. За сите овие лица се издадени НАТО безбедносни сертификати до степен НАТО строго доверливо.

По иницијатива на НБА, во органите на државната управа е започната постапката за утврдување на работните места на кои би било потребно вработените да имаат НАТО безбедносен сертификат, како благовремено би биле спроведени процедурите за безбедносната проверка на тие вработени.

Посебно треба да се истакне дека најголем успех е постигнат во Министерството за одбрана на РМ, каде, заради природата на работата и протокот на НАТО класифицираните информации, извршени се најмногу безбедносни проверки и издадени безбедносни сертификати.

***Физичка безбедност***

Физичката безбедност на НАТО класифицираните информации во Република Македонија е во согласност со барањата на НАТО. Националниот безбедносен авторитет континуирано продолжува да ја следи состојбата на овој план и по потреба презема мерки и активности за дополнителна заштита на класифицираните информации.

***Информатичка безбедност(ИНФОСЕК)***

Во рамките на НБА постои Сектор за информатичка безбедност кој треба да обезбеди исполнување на стандардите во оваа област. Во текот на првата половина од 2003 година, е завршен проектот за воспоставување на криптирана комуникација помеѓу Централниот регистар на НБА во Скопје со подрегистерот на мисијата во

Брисел. Со помошш на САД е набавена и инсталирана опрема која од надлежните служби за информатичка безбедност на НАТО доби одобрение за работа.

***Индустриска безбедност***

Во однос на индустриската безбедност досега немаме преземено некои конкретни активности. Меѓутоа, во НБА веќе се извршени проучувања на постојните законски прописи во Републиката кои се однесуваат на индустриската безбедност, а исто така, издвоени се и меѓународните договори од оваа област коишто се прифатени од страна на РМ. Во тек е изготвување на прелиминарен план за работа на НБА во доменот на индустриската безбедност.

Постигната е согласност со надлежните органи, институции и организации во Републиката од областа на индустриската безбедност за воспоставување на меѓусебна соработка. Во текот на есента претстојат активности за идентификација на взаемните интереси и потреби во оваа област и за определување на приоритетите за наредната година.

***Меѓународна соработка***

Националниот безбедносен авторитет покрена иницијатива и за воспоставување соработка со земјите од регионот. Во тој контекст, до директорите на надлежните служби за заштита на класифицирани информации на земјите потписнички на Јадранската повелба, Албанија и Хрватска, е упатена покана за трилатерална средба на која е одговорено позитивно. Средбата, ќе се искористи за идентификување на областите во кои постојат можности за унапредување на меѓусебната соработка во корист на приближувањето кон НАТО.

***Обука и тренинг***

За унапредување на квалитетот на работењето со класифицираните информации и за подигање на безбедносната култура на вработените во државната администрација и другите органи и организации во Република Македонија, НБА планира организирање на семинари, работилници и советувања.

## Закон за класифицирани информации

Постојат повеќе евидентни причини кои укажуваат на потребата од целосно законско регулирање на материјата на доверливите информации коишто во досегашната практика на нашето законодавство главно се регулирани со подзаконски акти. Бројот на законите во кои се регулираат одделни прашања од создавањето, заштитата, чувањето, користењето и казнените одредби во врска со нивното прекршување се парцијално содржани во поголем број прописи. Исто така во поголем број подзаконски акти се третира истото прашање на невоедначен начин, особено на планот на изречувањето на прекршочните мерки. Тоа делумно произлегува и од фактот што овие прописи се донесени во подолги временски интервали и ја одразувале

моменталната општествена состојба на овој мошне чувствителен план на нашето позитивно законодавство.[1]

Оваа материја посебно е регулирана во: Уредбата за критериумите и мерките за заштита на тајноста на податоците од значење за одбраната[2]; Правилникот за критериумите за утврдување на тајните податоци значајни за Армијата на Република Македонија кои мораат да се чуваат како тајна и мерките за нивна заштита[3] и Правилникот за начинот на чување и заштита на документи, извештаи, податоци и други акти во Министерството за внатрешни работи што со закон, друг пропис или одлука на надлежен орган се означени како државна, воена или службена тајна.[4]

Покрај безбедносната спогодба помеѓу Република Македонија и НАТО од 1997 година постојат и други меѓународни договори кои нè обврзуваат оваа проблематија темелно да ја регулираме. Со низа подоцнежни договори и спогодби меѓу надлежни органи во Република Македонија и НАТО подетално се прецизирани повеќе прашања од заемен интерес на планот на размената на доверливи информации и податоци. Накусо ќе укажеме на меѓународните договори и другите правни акти коишто директно се однесуваат на прашањата на претстојното донесување на законот за класифицирани информации:

На 30 мај 1996 година е склучен Договор меѓу државите-страни во Северноатлатскиот договор и другите држави учеснички во Партнерството за мир за статусот на нивните сили со Дополнителен протокол со што е прифатен и Основниот договор меѓу страните во НАТО за статусот на нивните сили од 19 јуни 1951 година (СОФА). Договорот е ратификуван од Собранието на Република Македонија на 4 јуни 1996 година. Притоа посебно сакаме да укажеме дека со потпишувањето на овој Договор нашата Република, согласно член 7 од Основниот договор, во своето национално законодавство, како престап против државата учесничка во овој Договор ја третира и повредата на закон кој се однесува на службените тајни на таа држава, или тајни во врска со националната одбрана на државата (точка 2 под (в) на член 7).[5]

Со Основниот договор меѓу РМ и НАТО за дејствување на НАТО мисии во Република Македонија, потпишан со размена на писма на 23 и 24 декември 1998 година, во точка 6 е предвидено: “Мисиите на НАТО ќе уживаат неповредливост на просториите, архивите и документите, вклучувајќи ја и целата службена преписка каде и да се наоѓаат. Мисиите може да користат дипломатски курири и пратеници.”

---

[1] За илустрација ќе споменеме дека прашањето на доверливите информации е во основа опфатено во: 16 закони, 3 уредби и десетина правилници, упатства и одлуки.

[2] Службен весник на Република Македонија, број 36 од 11.07.1994 година.

[3] Службен весник на Република Македонија, број 43 од 15.08.1994 година.

[4] Службен весник на Република Македонија, број 48 од 12.10.1995 година.

[5] Во точка 11 на истиот член е содржана и следната обврска: “Секоја договорна страна ќе настојува кон такво законодавство што ќе смета дека е неопходно за да ја обезбеди соодветната безбедност и заштита во рамките на својата територија на инсталации, опрема, имот, евиденција и службени информации на други договорни страни, и казнување на лицата кои ги прекршиле законите донесени за таа цел.”

Со ратификацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки, која е потпишана на 12 април 2001 година, нашата држава се обврзува во првата фаза на подготовките за пристапување во рамноправно членство во Европската Унија да донесе Закон за податоците (член 68, став 3 од Спогодбата).[6] Според Протоколот број 5 кон Спогодбата, во кој се регулирани прашања за заемна помош во царинските работи, неопходно е да се регулира и прашањето на размена на класифицирани информации, како едно од битните прашања за соработката во оваа област.[7]

Со Декларацијата за подигнување на нивото на односите на Република Македонија со Европската унија, што Собранието на РМ ја донесе на 23 ноември 2000 година, а со цел да ја подржи определбата на Владата за парафирање и потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕЗ, сметајќи ја како важен чекор кон стекнување на наше полноправно членство во Унијата, меѓу другото се констатира: “Во рамките на своите уставни надлежности Собранието на Република Македонија ќе даде целосен придонес во исполнувањето на обврските од овој Договор и ќе го динамизира и синхронизира процесот на усогласување на македонското законодавство со законодавството на Европската Унија врз транспаренти основи. За таа цел, потребно е континуирано и взаемно информирање меѓу Владата и Собранието на Република Македонија.”[8]

Во Договорот помеѓу Република Македонија и Европската унија за статусот на силите раководени од ЕУ во Република Македонија, ратификувана во март оваа година е предвидено склучување на посебни аранжмани коишто ќе се склучат меѓу командантот на Силите на Европската унија (СЕУ) и надлежните органи на Република Македонија. Договорено е со посебни аранжмани да се регулираат: координацијата на информациските активности и размената на информации. Исто така со Договорот е предвидено дека архивата и документацијата на СЕУ ќе бидат неповредливи во секое време каде и да се наоѓаат.[9]

Република Македонија има предвидено размена на класифицирани информации и на билатерална основа со повеќе држави со кои има воспоставено

---

[6] Службен весник на Република Македонија, број 28 од 13.04.2001 година.

[7] Во овој Протокол се регулирани повеќе основни правила во врска со размената на доверливи информации во зависност од прописите кои се применуваат во секоја од договорните страни. Тука, исто така, се укажува на потребата за законско регулирање на оваа чувствителна област и соодветна усогласеност со законодавствата на ЕЗ и земјите членки. Таквиот третман на прашањата идентично се однесува и на другите области во кои се врши размена на класифицирани информации, почитувајќи ги специфичностите во секоја област посебно.

[8] Службен весник на Република Македонија, број 99 од 24.11.2000 година.

[9] Вакви гаранции од Владата на Република Македонија се дадени и на Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово (УНМИК) од 1 март 2000 година.

соработка во областа на одбраната и безбедноста.[10] Во согласност со член 2 став 2 од Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори е предвидено дека не се сметаат како меѓународни договори актите кои ги склучуваат овластени органи на РМ за извршување на склучени меѓународни договори и со нив не се преземаат нови обврски за државата.[11] Соодветни акти за заштита на информации и документи се склучени со повеќе земји, а претстои и склучување на нови документи од ваков вид.

Поради напред наведените причини, Владата на РМ на седницата одржана на 31 март 2003 година донесе заклучок со кој го прифати предлогот на НБА за формирање на меѓуминистерска работна група за изготвување на текст на закон за класифицирани информации. За координатор на активностите е определен Националниот безбедносен авторитет. Очекуваме Собранието на Република Македонија законот да го донесе до крајот на оваа година. Во таа смисла новиот закон за класифицирани информации ќе биде неопходно да постави основи и за овој вид соработка со државите со кои оствconfigure соработка во оваа област. Инаку, законот во целост ќе ги почитува усвоените стандарди за заштита на доверливите информации усвоени во рамките на НАТО и ЕУ. По донесување на Законот за класифицирани информации, Националниот безбедносен авторитет ќе пристапи кон изготвување на подзаконските и нормативните акти, неопходни за неговото работење.

## Заклучок

Донесувањето на Законот за класифицирани информации, не само што ќе ги обедини постојните закони и подзаконски акти за заштита на класифицираните информации, туку ќе претставува и нов квалитет во заштитата на истите. Се предвидуваат современи решенија за безбедност на информациите, усогласени со нормите, критериумите и стандардите на НАТО и ЕУ. Во Законот се предвидува остварувањето на таквата заштита да се контролира на ниво на Република Македонија од страна на еден државен орган, со повисок статус.

[10] Како пример ќе наведеме дека Спогодбата за размена на класифицирани информации со Украина се наоѓа во фаза пред ратификација во нашата земја. Во Спогодбата меѓу Владата на РМ и Кабинетот на министрите на Украина за воено-техничка соработка, ратификувана од Собранието на Република Македонија на 18 јануари 2001 година е предвидена и заемна заштита на доверливи информации. Според член 4 од Спогодбата двете договорни страни во согласност со оваа Спогодба и одредбите на своите национални законодавства се обврзуваат да ги преземат сите неопходни мерки за обезбедување на информациите од доверлив карактер кои се разменуваат во текот на соработката по оваа Спогодба. Во ставот 3 на овој член е предвидено и следното: “Обезбедување на заемна заштита на тајните информации во рамките на соработката ќе бидат предмет на посебна меѓувладина спогодба. Размената на тајните информации и материјали ќе се оствари само по потпишувањето на споменатиот Договор.”

[11] Службен весник на Република Македонија, број 5 од 30.01.1998 година.

Вложувањето во Националниот безбедносен авторитет е инвестиција за иднината на Република Македонија. Доколку ги постигнеме стандардите на НАТО на полето на заштитата на доверливи информации, исти или слични такви стандарди ќе треба да исполниме и за членство во Европската унија. Самото исполнување на бараните безбедносни стандарди нема да значи и автоматско члеснтво на Република Македеонија во НАТО туку отстранување на пречките за членство. Од друга страна, тоа ќе значи и отворање на вратите за поинтензивна комуникација и размена на информации од доверлив карактер, не само со НАТО туку и со други меѓународни организации и држави, кои ќе и бидат од голема полза на државата.